ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр 11-645/11
25.01. 2021 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

Општина Центар-Скопје, ул. Михаил Цоков бр. 1, 1000 Скопје, тел: +389 2 3203 600, факс: +389 2 3203 602, е-маил: info@centar.gov.mk

**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**

Елена Трпевска

Дениза Наумоска Радончиќ **(името на службеното лице)**

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2020 до 31.12.2020)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:**Елена Трпевска**, советник за развој и унапредување на културата, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Центар-Скопје и **Дениза Наумоска Радончиќ**, соработник за подготовка на седници на Совет на Општина Центар-Скопје, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Центар-Скопје.

**2. Број на примени барања 99**

**3. Број на позитивно одговорени барања 94**

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање 5**

-Известување за позитивен одговор по исто или слично барање за пристап до информации од јавен карактер, согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (101/19);

-Известување за позитивен одговор по исто или слично барање за пристап до информации од јавен карактер, согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(101/19);

-Решение за одбивање согласно член 1 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (101/19) согласно кој правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се остварува согласно овој, законот за општа управна постапка и друг закон. Одбиено согласно член 42 од Законот за општа управна постапка (124/2015) ичлен 56 од Законот за градење (130/2009...168/2018, 244/2019 и 18/2020).

- Решение за одбивање согласно член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (101/19), барањето е одбиено поради што бараната документација претставува доказ во поведени судски постапки од страна на Општина Центар-Скопје и поради постоење опасност од оштетување на постапката.

- Решение за одбивање согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (101/19), барањето е одбиено поради не поседување на бараната документација, истата е архивирана и предадена на чување во надлежна институција.

**5. Број на неодговорени барања 0**

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) 3**

- Решение согласно жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 11-4099/9 од 5.11.2020 година против Решение на имателот на информацијата Општина Центар-Скопје бр. 09-4099/4 од 7.10.2020 година, по Барање за пристап до информации од јавен карактер од Драган и Слободанка Дангалови, поднесено преку полномошник адвокат Атанас Георгиевски бр. 11-4099 од 24.09.20 година, се овозможува препис или фотокопија од бараните документи по постапка за издавање на одобрение за реконструкција на кров и постапка за огласување за ништовно одобрение за реконструкција.

-Решение согласно уважена жалба од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 11-/905/1 од 07.02.2020 година (решено 04.02.2020 год. под бр. 08-184), против Одговор на имателот на информации Општина Центар-Скопје бр. 11-1406/5 од 15.03.2019 година по Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесена од Трпана Спасова Ацеска, се овозможува фотокопија од сите списи во предметот по кој е донесено Решение за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект (Решение УП.БР.29-275).

- Решение по жалба од Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно член 20 став 1 и член 27 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (101/19) бр. 09-836/2 од 18.2.2020, на странката и се овозможува убид и фотокопија од Записникот и електронски запис од тонското снимање од седница на Советот на Општина Центар-Скопје.

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата 3**

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата 3**

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и 0**

**10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање 0**

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

______________ ______________________________

**(Место и датум)** **(Имател на информации-печат)**

______________________________

**(службено лице – потпис)**

______________________________

**(службенолице – потпис)**